Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-281/4
Датум: 08.04.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 281/1 од 29.02.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на избори и изборниот процес, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.04.2024 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на изборите и изборниот процес од страна на Државната изборна комисија кон [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На 29.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на изборите и изборниот процес од страна на подносителката [redacted] против Државната изборна комисија – Скопје.

Во претставката се наведува дека подносителката како носителка на листа на „група избирачи" ѝ е сторена повреда на избирачкото право, за собирање на потписи за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Изборна единица 1 за парламентарните избори 2024 година и повреда на избирачкото право на секој од 20 - те кандидати кои се на оваа листа. Како што наведува подносителката на веб страницата на Државната избора комисија не е објавено известување за поднесената листа за собирање на потписи за предложените кандидати, со што по нејзино кажување е сторена директна дискриминација кон подносителката и кон сите кандидати на листата, оневозможувајќи им да имаат еднаков пристап и можност за учество на изборите. Дискриминацијата станувала очигледна бидејќи како последица на оваа задршка, неизвестување и оневозможување од страна на ДИК, ниту во еден медиум не се соопштува информација дека воопшто постои и е поднесена листа за „група избирачи" која е и единствената поднесена листа за собирање на потписи за независни кандидати за пратеници за парламентарните избори за 2024 година. Како што е наведено во претставката, на ден 23.02.2024 година до ДИК од страна на подносителката се доставени известување за поведување на иницијатива за собирање на потписи, а на 25.02.2024 година се доставени и потребните документи, односно Образец бр. 2 до подрачните одделенија на ДИК за општините во Изборна единица 1: Центар, Аеродром, Карпош, Сарај, Кисела Вода, Студеничани, Сопиште и Чаир. На

26.02.2024 година е доставена и листата на предложени кандидати. Како докази се приложени копии од:

- Известување до ДИК од 23.02.2024 година;
- Записници за прием бр. 18/31 од 25.02.2024 ДИК П.О Кисела Вода, бр. 18/56-1 од 25.02.2024 година од ДИК П.О Чаир, бр. 18/35/2 од 25.02.2024 од ДИК П.О Центар и
- Листа на предложени кандидати од образец бр. 2 доставена до ДИК од 26.02.2024г.

Подносителката, по нејзино уверување смета дека ДИК постапувало незаконито и врз основа на дискриминаторска основа, односно дека е сторена повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација, а со тоа се повредени начелото на еднаквост и рамноправност во остварување на правата и слободите (во случајот на избирачкото право). Наведува и дека дискриминацијата е директна, бидејќи со нив, односно со поднесената листа на кандидати се постапувало понеповолно во однос на кандидатските листи за претседател во истата фактичка ситуација. Дополнително, како што е наведено во претставката, сторено е прекршување на одредбите од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи со самото неинформирање на јавноста, се испратило порака и во јавноста што значело повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 11.03.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 281/2 до потенцијалниот дискриминатор.

На 25.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката бр. 08-281/3 од Државната изборна комисија.

Во одговорот на претставката од ДИК информираат дека на веб страницата на Државната изборна комисија, на 28.02.2024 година е објавено известување дека е доставена иницијатива за собирање на потписи за кандидирање за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија за ИЕ1 од [redacted] и дека потписите се собираат во подрачните одделенија/канцеларии на ДИК надлежни за општините од Изборна единица 1. Исто така, наведуваат дека до ДИК не се пристигнати поплаки заради неможноста да се стави потпис на листата од „група избирачи“ од страна на граѓаните кои ја поддржуваат оваа листа.

Заради потврдување на одговорот од ДИК, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја провери веб страницата на Државната изборна комисија и ја потврди точноста на одговорот, односно дека на 28.02.2024 година е објавено известувањето дека е доставена иницијатива за собирање на потписи за кандидирање за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија за ИЕ1 од [redacted].

Истото е достапно на следниот линк од објавата: https://www.sec.mk/izvestuvanje-za-sobiranje-na-potpisi-za-kandidati-za-pretsedatel-na-republika-severna-makedonija-2/ .

**Врз основа на став 1 од членот 75 - д од Изборниот законик:**

*„Од денот на распишување на изборите па се до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање,* ***освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи.“***

**Врз основа на став 2 од член 75 – д од Изборниот законик:**

***„Огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи, трговските радиодифузни друштва треба да ги емитуваат само во означени рекламни блокови во рамките на дозволеното време за рекламирање на еден реален час емитувана програма во времетраење од вкупно шест минути, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу две минути, при што нарачателот треба да биде јасно означен.“***

Во случајот **не е докажана врската помеѓу заштитните карактеристики на подносителката, наведени како дискриминаторски основи: политичка припадност и фактот што не била соодветно презентирана во јавноста**. Дотолку повеќе што, од утврдената фактичка состојба и приложените докази произлегува дека ДИК, согласно своите надлежности има објавено известување дека е доставена иницијатива за собирање на потписи и дека потписите се собираат во подрачните едииници, додека врз основа на Изборниот законик огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи, трговските радиодифузни друштва ги емитуваат во означени рекламни блокови во рамки на дозволеното време, **при што нарачателот треба да биде јасно означен.**

Поради вака утврдената фактичка состојба, во недостиг на повреда на право и штета настаната кон подносителката врз дискриминаторска основа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека не се исполнети елементите за дискриминација, предвидени со **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на политичка припадност, во областа на изборите и изборниот процес од страна на Државната изборна комисија кон [redacted].

Скопје,
05.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Државна изборна комисија со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје